**Одборот за доделување на државната награда „Мето Јовановски“ распишува КОНКУРС за доделување на државната награда „Мето Јовановски“ во 2025 година**

Со државната награда „Мето Јовановски“ се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на промоцијата, заштитата и унапредувањето на човековите права. Наградата се доделува секоја година на 10 декември, Меѓународниот ден на човековите права. Во рамките на овој Конкурс може да се доделат најмногу до две (2) награди.

**Податоци за државната награда „Мето Јовановски“**

♣ Државната награда им се доделува на поединци, здруженија на граѓани, неформални групи и други правни субјекти.

♣ Државната награда, под условите определени во Конкурсов, може да се додели и на странски државјани и на други меѓународни и странски правни субјекти.

♣ На награден поединец му се доделува диплома и паричен износ.

♣ На наградено здружение на граѓани или на друг правен субјект му се доделува само диплома и плакета.

♣ На секој член од наградената неформална група му се доделува диплома и еднаков дел од паричниот износ.

♣ Паричниот износ за државната награда „Мето Јовановски“ изнесува пет (5) просечни месечни плати во Република Северна Македонија исплатени во последните три месеци од тековната година.

**Правила за поднесување иницијатива**

♣ Иницијатива за доделување на државната награда „Мето Јовановски“ може да поднесат здруженија на граѓани, граѓани, странски државјани, како и други правни субјекти во земјава и во странство.

♣ Подносителите на иницијативата за доделување на државната награда „Мето Јовановски“ треба да достават биографија, портфолио на постигнувањата и опис на акцијата за која сметаат дека предизвикала позитивна промена во одредена област на човековите права за која се поднесува иницијативата. Текстот на иницијативата (комплетиран) треба да се достави во 15 примероци, а трудовите (книги, публикации и сл.) се третираат како прилози и треба да се достават во најмалку еден (1) примерок.

♣ Адресата на којашто треба да се достават иницијативит е архива на Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија – Одбор за доделување на државната награда „Мето Јовановски“, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје, Република Северна Македонија или по пошта.

♣ Иницијативите и прилозите (трудови, книги, публикации и сл.) доставени по утврдениот рок за прием, како и некомплетните иницијативи, нема да бидат разгледани од страна на Одборот.

**Конкурсот ќе трае од  1 до 31 октомври  2025 година.**

**Критериуми за оценување на иницијативите**

♣ Значајна и долгогодишна работа посветена на заштитата и унапредувањето на човековите права (се потврдува со биографија/портфолио на постигнувања).

♣ Спроведена акција, политика или проект кој резултирал со конкретна позитивна промена на полето на човековите права (специфично достигнување или листа на достигнувања).

♣ Придонес преку промени во јавната комуникација или промоција на човековите права во јавниот дискурс што предизвикал позитивна промена на планот на човековите права.

**Одбор за доделување на државната награда**
**„Мето Јовановски“**